Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Петтата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
одржана на 28.10.2025 година

Скопје, октомври 2025 година

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Петтата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 28.10.2025 година

Седницата започна во 11:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова-Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Гоце Стоиловски - Министерството за внатрешни работи, Бојана Босилкова - Министерство за правда, Суеда Бајрами - Министерство за односи меѓу заедниците, Марија Николовска Ѓорѓиев – Министерство за европски прашања, Снежана Ристовска - Министерство за култура и туризам, Оливера Јакшиќ Транталовска-Министерство за дигитална трансформација, Валентина Величковска - Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, Беба Жагар-Институт за европска политика, Скопје, Теа Зографска - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност, Скопје, Андреј Сених - Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ - Заедно посилни, Скопје, Емилиа Ѓероска - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Данче Даниловска Бајдевска-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје, Драгица Вучковиќ-Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола и Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија – ЗРДИЦМ Скопје кој поради оправдани причини ја напушти седницата.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Ангелина Јакимовска или Оливера Маркоска Ивановски-Министерство за финансии, Елизабета Поп – Ангелова, Бети Попова – Министерство за економија и труд, Бесник Бајрами или Јелена Арсова -Министерство за здравство, Весна Виќњевиќ или Александра Анчева - Министерство за образование и наука, Шпреса Саиди или Александра Крстевска Ангеловска – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски или Александра Куновска – Министерство за локална самоуправа, Лендита Дика или Мисрете Едипи – Министерство за животна средина и просторно планирање, Дарко Аврамовски или Лејла Тутиќ – Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Скопје, Маја Атанасова или Бојана Божиновска Силјановска – Македонско здружение на млади правници – МЗМП Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска или Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Сузана Стојановска или Ирена Лозана – Здружение за рехабилитација и инклузија на лице со Даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Ациб Зекир или Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Весна Тасевска и Миа Деспотовска, Кристина Ризовска Кутретински од Секторот за анализа на политиките и координација и Илир Османи-Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење.

На покана на претседателката на Советот, на седницата присуствуваше и: Светлана Ѓукиќ, тим лидер на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската унија.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Четвртата седница на Советот, одржана на 25.09.2025 година

1. Номинирање на тројца претставници на граѓанското општество во работна група за подготвување Нацрт Стратегија за транспарентност (2027-2029) по јавен повик бр.33-17/7 објавен на 29.9.2025 година
2. Дискусијата по Извештајот за учеството на претставници на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за програмски активности на здруженијата и фондациите на Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, во својство на член и заменик член и формирање на конкретни препораки
3. Формирање на Постојана работна група за комуникации и Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво Согласно Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општеството
4. Координација со членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество поврзана со изготвување на препораки за рамката на измени на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, Закон за социјални претпријатија, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и Закон за волонтерство
5. Прашања и предлози

*

*           *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Четвртата седница, одржана на 25.09.2025 година.

*

*           *

**Точка 1**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатираше дека по Јавниот повик за избор на тројца членови , бр.33-17/7 објавен на www.nvosorabotka.gov.mk на 29.9.2025 година, пристигнати се пет пријави на организации со кандидати, за кои Одделението за соработка со невладини организации изврши административна проверка. Пријавата на Центар за советување на деца и адолесценти-СУППОРТ Тетово и истата не ги содржи потребните придружни документи. Согласно условите утврдени во јавниот повик Советот заклучи оваа пријава да не ја разгледува.

Данче Даниловска- Бајдевска се иззема од гласањето поради тоа што е кандидат за Работната група за подготвување на Нацрт-Стратегија за транспарентност (2026-2029) и ја напушти просторијата за време на гласањето со цел избегнување на судир на интереси.

Пријавените кандидати за членови на Работната група за подготвување на Нацрт-Стратегијата за транспарентност (2027–2029) го добија следниот број на гласови: Данче Даниловска – Бајдевска, Фондација за интернет и општество „Метаморфозис", Скопје – доби тринаесет (13), Герман Филков, Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации" – ЦГК, Скопје – доби дванаесет (12), Милева Ѓуровска, Европско движење во Република Северна Македонија – доби осум (8) гласови, Јасна Ерцеговиќ, Здружение на граѓани „Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби", Скопје – не доби гласови.

**Заклучок:**

1. За претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, врз основа на Јавниот повик бр. бр.33-17/7 објавен на 29.9.2025 година и административната проверка на документите од Одделението за соработка со невладини организации, Советот ги номинира:

- Данче Даниловска – Бајдевска, Фондација за интернет и општество Метморфозис Скопје
- Герман Филков, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје
- Милева Ѓуровска, Европско движење во Република Северна Македонија

**Точка 2**

Никица Кусиникова ја најави втората точка од дневниот ред, која претставува продолжение на дискусијата од Четвртата седница во врска со државното финансирање на граѓанските организации. Целта на повторното отворање на оваа тема беше да се разгледа можноста за унапредување на процесот на распределба на средства и да се дефинира улогата на Советот во идните јавни повици, со осврт на

искуствата од претходните повици на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за социјална политика, демографија и млади („Програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите“).

Во однос на ова прашање Никица Кусикова се обрати до членовите да дадат препораки и предлози за подобрување во државното финансирање кој е клучен за граѓанските организации.

Андреј Сених се надоврза на дискусијата од претходната седница, појаснувајќи дека по доставениот Извештај со технички и суштински препораки до Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството се произнело позитивно по дел од нив, додека одреден број препораки не биле прифатени. Тој оцени дека за препораките по кои е добиена согласност, Советот треба формално да ги усвои **и** да ги проследи како официјален документ за понатамошна институционална координација.

Исто така укажа на суштински недостатоци во применетата Методологија за оценување, според која повеќе оценувачи субјективно доделуваат бодови по различни критериуми. Како пример ги наведе огромните разлики помеѓу членовите на комисијата за избор во нивните оценки во однос на буџетите на поднесените апликации, што укажува на недозволиво ниво на субјективитет, бидејќи ако еден буџет има сериозни недостатоци недопустливо е тој да биде оценет со високи оценки од дел од оценувачите. Тој истакна дека во иднина Методологијата треба да овозможи постабилен и пообјективен систем на оценување, со јасни механизми за усогласување и правичност, и предложи како референтни да се разгледаат модели од меѓународни донатори. Валентина Величковска се осврна на Извештајот за државното финансирање и истакна дека средствата што се доделени од ова министерство е само 1% од вкупните средства што се доделуваат од државниот буџет за граѓанските организации и поради тоа предложи во најкус можен рок да се отпочне процесот на измена на Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, во кој треба да се предвидат принципи како независни комисии, регулирање на конфликт на интереси, вклучување експерти и претставници на невладини организации, право на жалба, како и редовно следење и известување. Величковска нагласи дека ревидираниот Кодекс треба да биде усвоен во текот на 2026 година, по што Советот би ја следел неговата примена во сите министерства, а не само во она кое во моментот е предмет на дискусија и на кое веќе му се доставени препораки.

Никица Кусиникова нагласи дека целта на дискусијата не е да се фокусира единствено на Министерството за односи меѓу заедниците, туку да се разгледаат пошироките аспекти на државното финансирање на граѓанските организации. Таа појасни дека ова прашање е во континуитет со спроведените јавни повици, но дека во овој случај членови на Советот биле директно вклучени во процесот, што овозможува да се добие појасна слика за забележаните предизвици и практичните искуства од теренот.

Суеда Бајрами ги поддржа упатените препораки до Министерството за односи меѓу заедниците и најави дека ќе биде доставена Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации до Советот, но останува да се види кои ќе бидат членови во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации

од Буџетот на Република Северна Македонија. Исто така препорача дека потребно е препораките да се однесуваат на сите министерства кои доделуваат финансиски средства на здруженија и фондации.

Никица Кусиникова во насока на унапредување на дискусијата ги повика претставниците на министерствата да ги споделат предизвиците со кои се соочуваат при објавување и спроведување на јавни повици, со цел на таа основа да се развијат поконкретни препораки. Таа истакна дека е важно да се земе предвид и улогата на институциите кои се одговорни за отворање и спроведување на повиците, како и нивното учество во комисиите за оценување, бидејќи граѓанскиот сектор и организациите сѐ уште укажуваат на недостатоци во објективноста, етичноста и транспарентноста на процесите.

Во рамки на дискусијата, Данче Даниловска – Бајдевска се обрати до Валентина Величковска со прашање дали е потребно веднаш да се формира Работна група за трансформирање на Кодексот за добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации во правно обврзувачки акт, имајќи предвид дека според Стратегијата активноста е планирана за вториот квартал од 2026 година.

Валентина Величковска одговори дека на следната седница треба да се подготви предлог со кој ќе им се овозможи на министерствата да се произнесат како го планираат процесот и динамиката на измените, а потоа да се отвори широка дискусија до крајот на 2025 година.

На ова, Никица Кусиникова оцени дека, доколку прашањето е ургентно, дискусијата треба да се отпочне без одлагање.

Данче Даниловска – Бајдевска се согласи, нагласувајќи дека временската рамка за измените во Кодексот зависи од буџетскиот циркулар, и предложи претставниците на министерствата во Советот да се изјаснат кога започнува циркуларот за изработка на Буџетот во Министерството за финансии, за навремено да се отпочнат преговори и прилагодувања во Кодексот.

Никица Кусиникова предложи формирање на Работна група за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт, во чиј состав се пријавија: Никица Кусиникова, Валентина Величковска и Драгица Вучковиќ. Таа ја нагласи и потребата од вклучување на претставници од релевантните институции во оваа Работна група, со цел процесот да биде сеопфатен и ефективен.

Валентина Величковска упати прашање до Светлана Ѓукиќ, тим лидер на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", во врска со можноста за поддршка при трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт

Светлана Ѓукиќ информира дека проектот има во план да работи во рамки на овој процес и дека идејата е Кодексот за добри практики за државно финансирање да се развие како законски документ. Таа додаде дека ангажиран експерт веќе работи во таа насока.

Никица Кусиникова упати благодарност до Светлана Ѓукиќ за поддршката и најави дека Работната група за Кодексот ќе се координира со ангажираниот експерт, чие искуство и експертиза ќе придонесат и за измени во Законот за здруженија и фондации. Таа истакна дека е потребно во Работната група да се вклучи и претставник од Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, од Одделението за соработка со невладини организации, со цел обезбедување институционална поврзаност и поддршка.

Во рамки на дискусијата, Андреј Сених изнесе две забелешки. Прво, тој истакна дека не е соодветно членови на Советот да бидат дел од процесот на евалуација на проекти, особено на волонтерска основа, бидејќи обемот на работа со сегашната методологија е огромен, а резултатот несоодветен, но од друга страна укажа дека доколку Советот нема свој претставник во комисијата за избор тоа отвора прашање за начинот на кој Советот може да врши мониторинг врз институциите што спроведуваат јавни повици, особено доколку тие не се доволно транспарентни. Во таа насока, предложи Советот да инсистира на воспоставување на формален механизам за следење на процесите, додека втората забелешка се однесуваше на Кодексот за добри практики за државно финансирање, при што посочи дека, иако е важно тој да стане обврзувачки документ, сепак треба да се задржи одреден степен на флексибилност, бидејќи методологиите и процедурите на различните институции треба да се прилагодат на нивните специфични потреби и контексти.

**Заклучоци**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатира: претставници на Советот да не бидат членови во Комисиите за избор во однос на Јавниот повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации, туку во улога на набљудувачи.
2. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество формира Работна група за Трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт и ревидирање на одредбите за планирање на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), одлучување (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓански организации), објавувањето на резултатите, правото на жалба, следење, известување и сл., во состав: Никица Кусиникова и Валентина Величковска. Работата на групата ќе се спроведува во координација со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија ", финансиран од Европската унија и Генералниот секретаријат на Владата на РСМ.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да испрати електронско писмо до сите членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за дополнување на Работната група за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт и ревидирање на одредбите за планирање на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), одлучување (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓански организации), објавувањето на резултатите, правото на жалба, следење, известување и сл.

## Точка 3

Никица Кусиникова објасни дека согласно член 29 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општеството, а за остварување на работите од својата надлежност Советот може да формира постојани и повремени работни тела (групи).(2) Советот одлучува за основање и престанок на работата на работните тела, во согласност со утврдените потреби. За таа цел, Советот треба да формира две постојани работни групи: Постојана работна група за комуникации која се формира за подготовка и следење на спроведувањето на комуникациската стратегија на Советот и Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво која се формира заради идентификување на локални граѓански организации и прибирање повратни информации за нивните потреби, предизвици и приоритети и обезбедување редовен канал за локалните организации да учествуваат во подготовка и следење на национални стратегии и политики. Никица Кусиникова ги повика присутните членови да се пријават за учество во овие работни групи.

За учество во Постојаната работна група за комуникации се пријавија: Никица Кусиникова, Бојана Босилкова и Драгица Вучковиќ, додека за Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво се пријавија: Моника Илиоска Кантарџиоска, Емилија Ѓероска, Теа Зографска, Драгица Вучковиќ, Валентина Величковска.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество формира Постојана работна група за комуникации во состав:
- Никица Кускинова, Здружение Конект Скопје
- Бојана Босилкова, Министерство за правда
- Драгица Вучковиќ, Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола
2. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество формира Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво во состав:
- Теа Зографска, Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Емилија Ѓероска - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола
- Моника Илиоска Кантарџиоска- Коалиција Сега, Прилеп
- Драгица Вучковиќ, Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола
- Валентина Величковска - Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје

## Точка 4

Врз основа на точка (4) четири за координација со членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество поврзана со изготвување на препораки за рамката на измени на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, Закон за социјални претпријатија, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и Закон за волонтерство, Никица Кускинова отвори дискусија за важноста како да се пристапи кон измените на наведените закони и во таа насока побара предлози од присутните членови на Советот на кој начин да се спроведат сегментите кои се важни за граѓанските организации за подобрување на законите.

Валентина Величковска предложи два до три члена од Советот, кои редовно ќе ги следат измените на Законите и да бидат како точка на Дневниот ред на секоја седница од Советот, со што ќе постои едно одговорно лице кое ќе известува како се развива процесот на измените во законите.

Никица Кускинова ја потврди динамиката која ја даде како предлог Валентина Величковска и на тоа додаде дека веќе постојат работни групи, составени од претставници од граѓански организации и институции кои го следат процесот на измените на законите, исто така предложи дека може да се покануваат истите и да даваат информации за прогресот и статусот.

Данче Данилова – Бајдевска додаде дека според одлуката, Советот има право и надлежност да даде мислење на политиките коишто се однесуваат на околината во која што работи и делува граѓанското општество и воедно се согласи да се дадат насоки со кои ќе се формира начин како да се пренесуваат предлозите на граѓанското општество, осврнувајќи се на праксата која ја имале во Законот за слободен пристап на информации, каде работната група дала свои насоки.

Бојана Босилкова упати молба доколку има некакво барање до ресорното министерство да биде информиран и членот којшто доаѓа од таа институција за да може да се забрза процесот на добивање одговор.

На тоа Никица Кускинова, го сподели последниот пример со Дописот кој беше упатен до Министерството за правда, барање за дополнување на Работната група за измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации со член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

**Заклучоци:**

1. За информирање на процесот за измени на законите и нивно разгледување од страна на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, Закон за социјални претпријатија, Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и Закон за волонтерство ќе бидат ставени на Дневен ред следната седница.

2. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество заклучи дека при изготвување на барања до ресорни министерства задолжително да се доставува и копија од барањето до претставникот во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од ресорното министерство.

## Точка 5

Никица Кусиникова ја отвори оваа точка со информацијата поврзана со пријава до Државната комисија за спречување на корупција од познат подносител која е поврзана со неправилности во процесот на избор и номинирање на член и заменик член во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, а се однесува на Јавниот повик бр. бр.33-7/1 објавен на 14.4.2025 година објавен од страна на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Валентина Величковска ги информираше членовите на Советот за потребата за консултирање на граѓанските организации на локално ниво, и за таа цел во Битола ќе се одржат консултации со граѓанските организации и упати благодарност до Емилија Ѓеровска, Драгица Вучковиќ и Моника Илиоска Кантарџиоска за нивното присуство на настанот, исто така информираше дека веќе се пријавени 40 граѓански организации кои ќе дискутираат за Програмата за работа на советот како и утврдување на потребите на организациите.

Понатаму, таа информираше дека Меѓународниот центар за меѓународна соработка во рамки на Цивика Мобилитас организира Форум/Саем за граѓански организации кој што е и една од активностите на Стратегијата на 26 ноември 2025 година и упати покана до сите членови на Советот  да учествуваат и предложи на саемот да има посебен штанд за претставување на Советот како и на истиот датум да се организира седница на Советот која би се одржала во рамки на Саемот за граѓански организации.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Нинeвска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Бесник Бајрами Јелена Арсова - Министерство за здравство
- Весна Виѓњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Лендита Дика и Мисрете Едипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола